РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1624/3
09.04.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 13. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 2.4.2026 година**

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** д-р Ивана Стојановска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 13. седница на Советот. Седницата почна во 18:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување Предлог-записник од 12. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.3.2026 година.
2. Предлог – одлука за исплаќање отпремнина за заминување во пензија на работник.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 12. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.3.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, ја образложи предложената одлука за исплата на отпремнина по основ на заминување во пензија на работник. Појасни дека вработениот во Агенцијата, ангажиран преку Агенција за привремени вработувања, на 5 април тековната година ги исполнува законските услови за остварување право на пензија. Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за работни односи и подзаконските акти на Агенцијата, се предлага да му се исплати отпремнина во висина од две просечни месечни нето-плати во РСМ.

Советничката м-р Гордана Мајнова побара подетално појаснување во однос на доставените материјали по точката. Посочи дека, според нив, привремениот работник бил ангажиран преку Агенција за привремени вработувања во периодот од 1.4.2025 година до 1.4.2026 година. Наведе дека преку Секторот за финансии и логистика на Агенцијата било побарано продолжување на ангажманот за уште два дена, најверојатно до исполнување на законскиот услов за старосна граница за пензионирање, односно до навршување на 64 години возраст. Постави прашање дали работникот бил ангажиран во АВМУ само во наведениот период или имал ангажман и претходно. Дополнително, праша дали на работникот му бил исплатен регрес за годишен одмор (К-15) во текот на претходната година, врз основа на кои критериуми и дали одредбите од Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата се применуваат и во однос на исплатата на отпремнината.

Директорот на Агенцијата, Трајчевски, појасни дека работникот е ангажиран од февруари минатата година и дека не му е исплатен К-15. Дополнително објасни дека во случај на ангажман преку Агенција за привремени вработувања не се спроведува постапка за јавен оглас, туку се врши продолжување на договорот. Посочи дека, покрај конкретниот работник, договорите биле продолжени и за други ангажирани лица во Агенцијата, распоредени во Секторот за правни работи и јавни набавки, Секторот за програмски работи и Секторот за информатичка поддршка и општи работи.

Советничката Мајнова праша зошто на овој работник во текот на минатата година не му бил исплатен регрес за годишен одмор (К-15).

Директорот Трајчевски појасни дека досегашната пракса во Агенцијата е на лицата ангажирани преку Агенција за привремени вработувања да не им се исплатува К-15.

Советничката Мајнова, во насока на дополнително појаснување, го отвори прашањето за применливоста на правото на регрес за годишен одмор (К-15), кое произлегува од Законот за работни односи и од Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата, односно дали истото се однесува и на лицата ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

Во одговор на ова прашање, директорот Трајчевски посочи дека попрецизни информации во однос на исплатата на К-15 ќе можат да бидат обезбедени дополнително, по завршување на седницата.

Воедно, советничката Мајнова нагласи дека поставеното прашање произлегува од фактот што во образложението на Одлуката Агенцијата се повикува на права утврдени со Законот за работни односи и Законот за приватните агенции за вработување.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, појасни дека, како што е наведено во образложението на Одлуката, во член 19 од Законот за приватните агенции за вработување, за лицата отстапени преку Агенција за привремени вработувања важат истите законски прописи од областа на работните односи. Тоа значи дека Законот за работни односи се применува и на овие лица. Дополнително, посочи дека, како што веќе објаснил и директорот, досегашната пракса во Агенцијата била на овие лица да не им се исплатува регрес за годишен одмор (К-15), но дека по извршени консултации со со директорот е одлучено оваа пракса да се напушти, односно од 2026 година и на лицата ангажирани преку Агенција за привремени вработувања да започне да им се исплатува К-15. На крај, нагласи дека овие лица ги уживаат истите права утврдени со Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата.

Советничката Мајнова, врз основа на образложението, констатира дека доколку на работникот му следува право на регрес за годишен одмор (К-15), тогаш му следува и право на отпремнина, но доколку К-15 не му бил исплатен, не е јасно зошто сега му се признава право на отпремнина.

Директорот Трајчевски појасни дека исплатата на отпремнина не претставува апсолутна обврска, туку зависи од финансиските можности на Агенцијата. Во конкретниот случај, имајќи предвид дека Агенцијата располага со финансиски средства за таа намена, се предлага исплата на отпремнина на наведениот работник.

Претседателот Стефановски истакна дека, согласно образложението, досегашната пракса на Агенцијата била на лицата ангажирани преку Агенција за привремени вработувања да не им се исплатува регрес за годишен одмор. Меѓутоа, посочи дека од 2026 година, согласно разговорите на менаџментот, е предвидено да се започне со исплата на овој надоместок и за овие лица.

Советот на Агенцијата го разгледа Барањето поднесено од работникот бр.05-1636/1 од 2.4.2026 г. за исплата на отпремнина како и Барањето од Секторот за финансии и логистика, бр.04-1622/1 од 1.4.2026 година и со 5 гласа „за“ и два „воздржани“ гласа од м-р Гордана Мајнова и Афрона Врзиволи, даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за одобрување финансиски средства во износ од две просечни месечни нето – плати во РСМ, и тоа 92.978,00 денари како отпремнина при одење во пензија на привремениот агенциски работник Благе Милошевски, ангажиран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) преку Приватната агенција за вработувања „ЕГЗЕКЈУТИВ СРЧ ЛИЗИНГ“ Скопје, на работното место Домар во Одделението за материјално работење и логистика при Секторот за финансии и логистика, со која Агенцијата има склучено Договор за јавна набавка бр.0307/2-11/2026 од 1.4.2026 г. (наш.арх.бр.03-1599/1 од 1.4.2026 г.).

Финансиски средства во износ од 92.978,00 денари се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а исплатата на финансиските средства ќе се изврши по исполнувањето на законските услови за одење во пензија, односно со наполнување на 64 години возраст и 15 години пензиски стаж.

По спроведеното гласање, претседателот на Советот Стефановски му упати честитки на работникот по повод заминувањето во пензија и му посака долги и пријатни пензионерски денови.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**